## Кратко резиме на донесениот Заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување на постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето државна помош од страна на Влада на Република Северна Македонија, преку Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, за инвестицискиот проект на АТС АММО ДООЕЛ Самоков, Македонски Брод

**предмет бр. 10-153 од 21.11.2022 година (10-1 од 03.01.2023 година)**

Согласно член 10 и член 15 став (4) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) на ден 04.10.2023 година Комисијата за заштита на конкуренцијата започна постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето државна помош од страна на Владата на Република Северна Македонија, преку Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, заради фактот што постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на помошта преку мерките содржани во Известувањето за планирано доделување на државна помош бр. 10-153 од 21.11.2022 година односно за мерките во Договорот за доделување на државна помош на АТС АММО ДООЕЛ Самоков, Македонски Брод, и како резултат на горенаведеното Комисијата за заштита на конкуренцијата постапува согласно член 4 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11).

Мерките во Договорот за доделување на државна помош на АТС АММО ДООЕЛ Самоков, Македонски Брод предвидуваат

- Исплата на пропорционален дел од платениот данок на добивка, кој се однесува и произлегува исклучиво од инвестицискиот проект опишан во деловниот план, пресметан и платен согласно Законот за данок на добивка, за период од 10 години, почнувајќи од датумот на почеток на инвестицискиот проект;
- Исплата во форма на готовински грант во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 2.000.000 евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период од 5 години од датумот на почеток на инвестицискиот проект и
- Дополнителна исплата во форма на готовински грант во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 2.000.000 евра во денарска противвредност, на годишно ниво, во период од 5 години од датумот на почеток на инвестицискиот проект, доколку корисникот на помошта го задржи или го намали просечниот број на вработени за помалку од 5% во последната година во споредба со просечниот број на вработени во претходните три години и ги зголеми вкупните приходи за повеќе од 5% во последната година во споредба со просечните вкупни приходи во претходните три години.

Во врска со доставеното Известување за планирано доделување на државна помош на друштвото за производство, трговија и услуги АТС АММО ДООЕЛ Самоков, Македонски Брод како и конципираниот пакет на поволности содржани во Договор за доделување на државна помош, постојат сериозни сомневања за дозволеноста за доделување на таквата помош заради:

- ретроактивното опфаќање на периодот (од 2021 година) и одредени решенија кои се составен дел од Договорот;

- несигурноста на КЗК во исполнување на ЕУ принципите за доделување на државна помош;

- неподготвеноста за овој инвестициски проект да се има двојно сметководство;

- извозниот карактер на помошта за оваа инвестиција и

- оценување на трите мерки креирани за поддршка на оваа инвестиција.

Се повикуваат заинтересираните лица да достават коментари и мислења во писмена форма за мерките предвидени во Договорот за доделување на државна помош, а за кои мерки Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе заклучок за поведување постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Коментарите и мислењата на заинтересираните лица можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј„ бр. 54, Скопје, или по е-маил: kzk@kzk.gov.mk во рок од 30 дена од денот на објавувањето на краткото резиме на Заклучокот.

04.10.2023 година

Скопје